**Team Leader - International Accounting**

**Сметководството е тимски спорт. Само што натпреварите не се играат на трева, туку помеѓу рокови, табели, клиенти и прописи.**

**Бараме некој што знае кога треба да асистира, кога да ја смири играта, а кога да преземе одговорност и да го поведе тимот кон резултат.**

**Затоа ни е потребен Team Leader за меѓународно сметководство кој знае дека најдобриот резултат не доаѓа од соло акција, туку од добро поставена тактика, јасна комуникација и тим кој ја знае својата позиција. Некој што умее да ги распореди задачите, да ја следи играта, да го зачува мирот во продолженијата на месецот и да му помогне на тимот да одигра најдобро кога е најважно.**

**Не бараме ѕвезда што игра сама за себе. Бараме личност поради која целиот тим игра подобро.**

**Доколку верувате во знаење, фер игра, добра асистенција и тим кој знае зошто трча, задолжително јавете ни се.**

## ЗА НАС

Унија ЕТL Акаунтинг е меѓународна сметководствена компанија која е дел од водечката светска ЕТL мрежа. Нудиме висококвалитетни услуги во областа на сметководство, советување и напредни ИТ решенија. Нашите клиенти се водечките меѓународни и домашни компании кои имаат потреба од врвна и сигурна поддршка. Нашите колеги се водечки стручњаци во своите области, а редовната и систематска едукација гарантира дека тоа така и ќе остане. Нашата амбиција е да обезбедиме инспиративна работна средина и висока бизнис култура.

## РАБОТНО МЕСТО

Како Team Leader – International Accounting, ќе имате клучна улога во воспоставувањето и развојот на новото одделение, со активно учество во поставувањето процеси, градењето на тимот и работата со меѓународни клиенти. Оваа позиција е наменета за проактивен лидер кој комбинира сметководствено знаење, управување со луѓе и желба директно да придонесе кон развојот и идниот раст на одделението.

Вашите задачи исто така ќе вклучуваат:

• Раководење, менторирање и развој на тимот за меѓународно сметководство, вклучувајќи регрутација, воведување и обука на нови вработени;
• Воспоставување, унапредување и автоматизација на оперативните процеси, стандарди и работни практики за работа со меѓународни клиенти;
• Организација на работата на тимот преку распределба на задачи, управување со капацитетите и следење на продуктивноста;
• Следење на квалитетот, навременоста и усогласеноста на испорачаните услуги со интерните политики и барањата на клиентите;

• Директна комуникација со меѓународни клиенти и решавање на комплексни прашања;
• Соработка со менаџментот во дефинирањето на насоките за развој и раст на одделот.

**БЕНЕФИТИ**

Како вработени во Унија Групацијата, имаме бројни придобивки што ни овозможуваат да напредуваме професионално и лично. На овој начин, можеме подобро да се грижиме за квалитетот, односите се многу подобри, а работата е едноставно попријатна. На сите вработени им нудиме:

- Индивидуален годишен буџет за образование;
- Систематска грижа за можностите за професионален развој и напредување;
- Слободен ден за роденден;
- Можност за избор на хибриден модел на работа (2 дена во канцеларија, 3 дена од далечина);
- Можност за работа од дома (1 ден) за сите кои не го избираат хибридниот модел на работа;
- Скратено работно време во петок;
- Просторија за релаксирање во канцеларија;
- Овошје, кафе, вода во канцеларија;
- Приватно здравствено осигурување;
- Можете повремено да работите во која било од единиците на компанијата во регионот, од Љубљана и Загреб, до Сараево, Белград и Подгорица, па дури и во Тиват и Задар.

**СПЕЦИЈАЛНИ ПРЕДНОСТИ НА ВАШЕТО РАБОТНО МЕСТО**

- Варијабилна плата;
- Флексибилно работно време.

**ШТО ОЧЕКУВАМЕ**

• Универзитетско образование од областа на економските науки;
• Најмалку 5 години искуство во сметководство, со минимум 2 години искуство во раководење со тим;
• Одлично познавање на англискиот јазик;
• Напредно користење на Excel и сметководствени ERP системи;
• Искуство во работа со меѓународни клиенти, како и во воспоставување или унапредување на процеси, ќе се смета за предност;
• Изразени организациски и комуникациски вештини, проактивен пристап, лидерски способности и ориентираност кон резултати.

**ЛОКАЦИЈА**

Позицијата е отворена за кандидати од сите градови во Македонија. Флексибилни сме во однос на локацијата каде што ќе се формира и развива тимот за меѓународно сметководство, со цел да обезбедиме најдобра основа за негов успешен раст и развој.

**ПРИЈАВА**

Доколку сметате дека улогата на сениор сметководител е интересен предизвик во вашата кариера и сакате да работите со нас, ве покануваме да се пријавите преку формуларот за аплицирање во продолжение.